ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број 06-12/ јануари 30, 2012 година

# З А П И С Н И К

Од седницата на Изборното собрание на Шаховската федерација на Македонија, одржана на ден **28.01.2012** (сабота), во салата за состаноци во салата на „КК Работнички" во Градскиот парк во Скопје, со почеток во **12,00** часот

со следниот

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. **Отворање на седницата**
   Избор на верификациона комисија(претседател и двајца членови)
   Избор на работно претседателство
   Избор на кандидациона комисија
   Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот

2. **Усвојување на Деловник за работа на Собранието на ШФМ**
   Предлог Деловник за работа на Собранието на ШФМ

3. **Правилници на ШФМ**
   Правилник за натпревари
   Правилник за регистрација

4. **Извештај за работата на ШФМ во 2011 година**
   Извештај на Претседателот
   Натпреварувачки Извештај
   Финансиски Извештај

5. **Избор на членови на органите на ШФМ**
   (Претседател,Управен одбор,Надзорен одбор)

6. **Тековни работи на ШФМ**
   Предлог Календар за 2012

7. **Разно**

I

Присутните ги поздрави и седницата ја отвори Претседателката на ШФМ г-ѓа Лидија Софревска-Андонова.

Одредени беа и едногласно изгласани:

a) Верификациона комисија: Благоја Богоевски, Жарко Митковски и Вахидин Исмаили.
b) Работно претседателство: Лидија Софревска-Андонова,Благоја Богоевски и Вахидин Исмаили
c) Кандидациона комисија: Орце Данчевски, Иван Кочовски и Жарко Митковски

За записничар беше одреден Иван Кочовски, а за оверувачи на Записникот Орце Данчевски и Сашо Симјановски.

Верификационата комисија го утврди присуството на вкупно 10 (десет) членови на Собранието, од кои 8 (осум) претставници од клубовите (од вкупно 13 регистрирани клубови): Жарко Митковски (ГШК Куманово 1), Сашо Симјановски (БМ Кисела Вода,Скопје), Никола Димовски (Алкалоид,Скопје), Орце Данчевски (Гамбит Асеко-Сее,Скопје), Мирко Трајчевски (4 Ноември, Битола),Панче Алексовски (13 Ноември, Скопје),Вахидин Исмаили (Карпош, Скопје) и Владимир Владимиров (Бизнис Милениум,Скопје) и претставниците од ШФМ Лидија Софревска-Андонова и Благоја Богоевски.

Со констатација дека на Собранието се присутни повеќе од половината негови членови, истото отпочна со работа.

Претседателот на ШФМ, Лидија Софревска-Андонова предложи измена на дневниот ред. Пред да се разгледаат Извештаите од 2011, да се вметне точка за разгледување на Правилникот за натпревари и Правилникот за регистрација. Пред точката разно би се разгледувал Предлог Календарот за 2012 година. Предложениот изменет дневен ред беше едногласно усвоен.

II

Откако работното претседателство го завзеде своето место, Лидија Софревска-Андонова продолжи со водење на седницата по точките од дневниот ред.Собранието едногласно го усвои Деловникот за работа на Собранието.

III

Лидија Софревска-Андонова посочи дека Правилникот за натпревари не е нова содржина.Тоа е актуелен Правилник, менуван и дополнуван на седници на Управни одбори во последните 10 години.
Правилникот за регистрација, како посебен документ, мора да постои. Како највисоко тело Собранието може да расправа по нив и отвори дискусија по истите.

Од дискутантите беше посочено дека Правилниците, по Статутот, ги усвојува Управниот одбор на ШФМ.
По Правилникот за натпревари имаше дискусии за Затвореното првенство на Македонија и Отвореното меѓународно првенство на Македонија.

Во Правилникот за регистрација вниманието го привлече настапот на странските шахисти. Заради недостиг на квалитетни домашни шахисти, некои сметаат дека не треба да има дополнителни давачки за настап на странски шахисти, а имаше предлог и да се зголеми правото на настап по натпревар на 4 (четири) шахисти од странство. Се предложи да се бара и изјава од странските шахисти за кој клуб ќе настапуваат.

Општа констатација е дека не се создаваат млади играчи. Малку се грижиме за перспективата. Ако некој клуб има средства да повика странски шахисти, тогаш може и минимално да партиципира за нивното учество и во касата на ШФМ.

Собранието одлучи Правилниците да бидат верификувани на првата седница на УО на ШФМ.

IV

Бидејќи беа доставени материјали во однос на Извештаите,Лидија Софревска-Андонова се осврна само на дел од активностите во 2011 година.

Најважно е да се врати шахот кај младите и да се поттикне јуниорскиот шах. Агенцијата за млади и спорт, со една поактивна програма, има желба да помогне кон воведувањето на шахот во школите. Треба да се зголеми и интересот на клубовите кон женскиот шах. Серијата Балкански Гран При турнири беше успешна за нашите шахисти. Како никогаш досега, се одржаа 4 (четири) меѓународни турнири. По долги години повторно беше организиран Скопје Опен, манифестација со голема традиција која и во иднина треба да опстојува.

Не треба да се изоставаат и новите активности, организацијата на Карпош Опен, гостувањето на светската првенка Александра Костењук и меѓународниот турнир за млади “Охридско езеро 2011“ во Струга.
Сето тоа придонесе за позитивна шаховска клима во Република Македонија. Од активности на дипломатски план имаше состаноци на ниво на Балканската шаховска асоцијација и Европската шаховска унија.Во средбата со Претседателот на ECU, г-динот Силвио Данаилов, беше најавена негова заедничка посета со поранешниот светски првак Веселин Топалов.

Сите активности во 2011 година беа остварени со финансиска и логистичка подршка на спонзорот Алкалоид АД-Скопје.

Во дискусијата по извештајот, Никола Димовски нагласи дека се она што е планирано во 2011 година целосно е остварено. Првите чекори се направени во ориентацијата кон јуниорскиот шах. Клубовите и играчите и во иднина да се потрудат да се задржи позитивниот тренд. Во претходниот подолг период ШФМ беше прилично пасивна.

Едногласно и без забелешки се усвоија Извештајот на Претседателот, Натпреварувачкиот извештај и Финансискиот извештај за 2011 година.

Лидија Софревска-Андонова се заблагодари на довербата што и беше укажана во претходната година. Сите активности беа реализирани со безрезервна подршка на Алкалоид АД-Скопје. Нејзиното претседателствување е нераскинливо врзано со него.

Во 2012 година Алкалоид АД-Скопје нема да биде спонзор на Шаховската федерација на Македонија. Шаховската федерација на Македонија треба да ја водат луѓе кои ќе обезбедат стабилно финансиско функционирање. Заради тие причини Лидија Софревска-Андонова поднесе Оставка на функцијата Претседател на Шаховската федерација на Македонија.

Претставниците на клубовите беа против оставката имајќи го во предвид успешното работење во претходниот период.

Никола Васовски нагласи дека Претседателката си ја знае работата и штета е да не продолжи.Сите заеднички треба да помогнат. Решенија треба да се побараат и кај бизнисмени, поранешни шахисти.
Зоран Стојчевски истакна дека во принцип сме изгубиле добар спонзор и треба да се најде правилно решение за водење на федерацијата.

Алкалоид ја стабилизираше федерацијата, освен на финансиски и на организационен план, истакна Никола Димовски.Треба добро да се размисли што понатаму, да не се направи избор кој што ќе направи чекори station наназад.

V

Во моментов кандидационата комисија немаше предлози за избор на членови на органите на ШФМ.

Ако се одложува изборот во недоглед не е добро за Календарот за 2012 година, ни за клубовите, ни за играчите.

Собранието одлучи да биде формирана работна група која ќе биде овластена активно да работи на теренот со цел изнаоѓање решение, односно лице кое ќе ја води федерацијата во следниот период.Работната група ја сочинуваат: Благоја Богоевски, Зоран Стојчевски, Сашо Симјановски и Иван Кочовски.

Најдоцна до крајот на март да биде свикана седница на Собранието на ШФМ на која ќе биде избран нов Претседател,Управен одбор и Надзорен одбор. Дотогаш федерацијата технички ќе ја води досегашниот Претседател и Управен одбор.

VI

Календарот на ШФМ  за 2012 година ќе треба да го усвои новото раководство.

Седницата на Собранието заврши со работа во 13,55 часот.

Записничар: Иван Кочовски                    Оверувачи: Орце Данчевски  _________________

Сашо Симјановски  _________________